**Тековни проекти финансирани од Европската инвестициона банка**

**состојба на 03.07.2014 година**

| Назив на Проект | Цел на Проектот | Вредност на заем (Мил. Евра) | Година На Почеток на Проектот | Година на завршу-вање на Проектот |
|---|---|---|---|---|
| Проект за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – четврта фаза | Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, финансиран со заем од Европската инвестициона банка (ЕИБ) започна во 2009 година како мерка одговор на моменталната економска и финансиска криза, а има за цел обезбедување на свеж капитал за малите и средни претпријатија и ублажување на последиците од кризата врз овој сегмент од реалниот сектор, како и поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.<br><br>Владата на Република Македонија обезбеди вкупно 250.000.000 евра за три кредитни линии од ЕИБ по овој Проект.<br><br>Како резултат на големиот интерес на малите и средни претпријатија за ваков вид на кредитна линија, на 31.12.2013 година склучен е Финансиски договор помеѓу ЕИБ и МБПР за нов, четврт заем во износ од 100.000.000 евра со цел благовремено задоволување на потребите на малите и средните претпријатија и нивната идна поддршка. | 100 | 2013 | 2015 |
| Проект „Водоснабдување и одведување отпадни води“ | Проектот има за цел подобрување на условите и подигнување на квалитетот на животот особено во руралните краеви на Република Македонија. Овој проект е дел од политиката на Владата на Република Македонија за рамномерен регионален развој и се очекува преку инвестиции во комуналната инфраструктура да се стимулира развојот. | 50 | 2010 | 2016 |
| Проект за изградба на автопатот на Коридорот X, на делницата Демир Капија- Смоквица | Целта на Проектот е изградба на автопатското решение на модерна делница од Демир Капија до Смоквица, во должина од околу 28.18 км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија. Заради комплексноста на теренот на кој ќе се извршуваат градежните работи, Проектот е оценет како доста сложен и опфаќа изградба на неколку големи објекти од типот на мостови, тунели, надпатници и патни јазли. | 65 | 2011 | 2016 |